**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА**

Член 1

Во Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/2008 и 52/2009), во членот 57 став 2 по зборовите: „при регистрација на возилата" се става точка, а запирката и зборовите: „а возилата регистрирани надвор од Република Македонија, на граничен премин при излез од Републиката. Наплатата на граничниот премин ја вршат царинските служби" се бришат.

Член 2

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".